View metadata, citation and similar papers at core.ac.uk
brought to you by CORE
provided by UGD Academic Repository

# ДОПОЛНИТЕЛНАТА НАСТАВА ВО ФУНКЦИЈА НА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗНАЕЊАТА НА СТУДЕНТИТЕ НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ

Предмет на истражување на овој проект е улогата на дополнителната настава во подобрување на знаењето и развивањето на јазичните компетенции по македонски, англиски и германски јазик кај студентите од прва година на Филолошкиот факултет во Штип.

Учесници во проектот ќе бидат сите студенти запишани во прва година на катедрите за македонски, англиски и германски јазик во академската 2017/2018 година. Пред започнувањето на наставата сите учесници ќе бидат тестирани за да се одреди нивото на нивната јазична компетенција. Врз основа на резултатите од тестот учесниците од секоја катедра ќе бидат поделени во две групи – А и Б.

Дополнителната настава ќе се реализира по два часа неделно во текот на два семестри. Во првиот семестар група А ќе биде експериментална, а група Б контролна група. Дополнителната наставата за група А ќе се фокусира на експлицитно учење на граматиката и вокабуларот, како и развивање на јазичните вештини преку користење на разновидни вежби и активности  во согласност со комуникативните приоди на учење на јазикот. Група Б нема да следи дополнителна настава. На крајот од семестарот ќе се направи тестирање со двете групи за да се види дали и до кој степен дополнителната настава придонела за подобрување на знаењата и вештините кај студентите. Со група А ќе се спроведе и анкета за да се дознаат мислењата и ставовите на учесниците во однос на корисата од дополнителната настава. Во вториот семестар група А ќе биде контролна, а група Б експериментална група. Група А нема да следи дополнителна настава, а кај група Б ќе се применува имплицитно учење на јазикот преку користење на литературни текстови според принципите на јазичниот пристап во користење на литературни текстови. На крајот од вториот семестар учесниците ќе бидат повторно тестирани за да се одреди ефектот од овој пристап врз јазичната компетенција на студентите. Со група Б ќе се спроведе анкета за да се согледа нивното искуство и мислење за ефектот од овој вид дополнителна настава. На крајот ќе се сумираат сите резултати кои ќе покажат дали дополнителната настава придонесува за подобрување на знаењата и јазичните вештини кај студентите од прва година како и ефектите од двата различни пристапи во реализирањето на дополнителната настава.

## Цели на проектот

Овој проект има две главни цели:

1. Да го истражи влијанието на дополнителната настава врз подобрување на знаењето и зголемување на јазичната компетенција на студентите од прва година на Филолошкиот факултет.

2. Да ја утврди разликата помеѓу експлицитното и имплицитното учење на јазикот, односно помеѓу учење на јазикот преку експлицитен фокус на формата и усвојување на јазикот преку читање и анализа на литературни текстови.

**Реализацијата на проектот**

Проектот ќе се одвива во следните фази:

1. Разгледување на досегашните истражувања

2. Креирање на инструменти соодветни за оценување на јазичната компетенција на учесниците во истражувањето.

3. Избор на студенти-учесници во проектот за македонскиот, англискиот и германскиот јазик за кои ќе се врши истражувањето.

4. Креирање наставни програми за дополнителна настава за студентите од прва година.

5. Реализација на дополнителната настава во текот на првиот и вториот семестар од прва година студии на Филолошкиот факултет.

6. Определување на инструментите за евалуација на јазичната компетенција на учесниците по завршувањето на дополнителната настава.

7. Издавање на книга во која ќе се опишат резултатите и искуствата од истражувањето.